ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД ц.о
Ndërmarrja publike VODOVOD c.o.
Бр. Nr 04-1128/10
02.06.2025 год.viti.
КУМАНОВО – KUMANOVË

Врз основа на член 35 од Статутот на ЈП Водовод Куманово, член 37-м од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 16 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас како и пријава за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на нивно бодување за даватели на јавни услуги и помошно технички лица бр.02-1024/7 од 14.06.2017 година, Директор на ЈП Водовод Куманово донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидати по спроведување на Јавен оглас 1/2025
(даватели на јавни услуги)

По спроведување на постапка за селекција на кандидати за вработување по Јавен оглас 1/2025 бр. 04-1128/2 од 06.05.2025 година и по добивање на предлогот и конечна ранг листа од пријавените кандидати согласно членот 15 став 1 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас како и пријава за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на нивно бодување за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, се избираат следните кандидати:

1. За извршител на работно место - **Главен инженер за електро и машинско одржување** во Одделение за пречистителна станица,Сектор за технички работи со ниво КДР0305Б01, се избира кандидатот **Елена Младеновска.**

2. За извршител на работно место - **Лаборант за хемиска и бактериолошка анализа на води** во Одделение за пречистителна станица,Сектор за технички работи со ниво КДР0305Б01 се избира кандидатот **Елена Алексиќ Величковска.**

3. За извршители на работно место - **Одговорен за контрола на квалитет на вода** во Одделение за водоснабдителни објекти,Сектор за технички работи, со ниво КДР0305Б01, се избираат кандидатите **Александра Крстевска и Ивана Костадиновска.**

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука даватели на јавни услуги и помошно технички лица имаат право во рок од 8 дена да поднесат приговор до Управен одбор на ЈП Водовод Куманово.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

ЈП ВОДОВОД Куманово
Директор
Оливер Стојмановски